Бр. 02–521/7
24.4.2023 година
Скопје

Врз основа на член 103, став (1), алинеја 8 и член 180 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 178/2021) и член 331 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 425/2019), Ректорската управа на 280. седница, одржана на 24.4.2023 година, ја донесе следнава

**О Д Л У К А**
**за давање одобрение за ангажирање на визитинг-наставник**

**Член 1**

На **Факултетот за драмски уметности - Скопје**, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, му се одобрува ангажирање на визитинг-наставник кој ќе извршува високообразовна и научноистражувачка дејност на Факултетот.

Одобрението се дава по предлог на Наставно-научниот совет на единицата, за лицето: **проф. Драгутин Ќирковиќ** од **Универзитетот за Уметност во Белград, Србија,** да се вклучи како визитинг-наставник на предметната програма *Снимање и обработка на звук за филм и ТВ.*

**Член 2**

Лицето од член 1 на оваа Одлука, по покана од наставно-научниот совет, како признат научник од странство може како гостин, без распишување на конкурс, да извршува високообразовна и научноистражувачка дејност во учебната 2022/23 година.

Визитинг-наставникот не може да врши оценување на студентите.

Условите под кои се врши дејноста од став 1 на овој член се утврдуваат со договор склучен помеѓу единицата и визитинг-наставникот.

**Член 3**

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Универзитетскиот гласник.

**Ректор**

**Проф. д-р Никола Јанкуловски**

Генерален секретар: м-р Марија Маневска
Изготвил: Весна Марковска

Република Северна Македонија
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ СКОПЈЕ
ФАКУЛТЕТ ЗА ДРАМСКИ УМЕТНОСТИ
04.05.2023
02-263/1